***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница  на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 19.12.2023 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци во Дом на пензионери Демир Хисар со почеток во 12 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 8 (осум) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски,  Марина Димитријовска и Магдалена Вељановска присутни во салата за состаноци и советниците Јордан Кромидаровски, Сашо Михајловски, Сандра Пејковска и Валентин Несторoски учествуваа во работата на советот со употреба на комуникациски средства. Отсутни беа советниците Даниела Давидевска, Филип Ангелевски и Јасмина Јовановска.  Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На  седницата се расправаше по следниот

***ДНЕВЕН РЕД***

1. Донесување Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Демир Хисар и општина Ресен
2. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, констатира присуство од осум советници, исполнети се условите за работа на Советот, а потоа ја образложи потребата за свикување на вонредна седница, имено на предходната седница беше донесена Одлука за утврдување на потреба од меѓуопштинска соработка со општина Ресен, од нивна страна е донесена одлуката со која се прифаќа одлуката, сега е на ред општина Демир Хисар да донеси одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка. Поради запазување на роковите и навреме завршување на постапката, во интерес на инвеститорот мораше да се свика вонредна седница. Бидејќи немаше забелешки предложениот Дневен ред го стави на гласање. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредената седница. Едногласно со 8 „за" беше усвоен Дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Демир Хисар и општина Ресен***

Образложението за одлуката беше исто со образложението за потребата од свикување на вонредна седница. Советниците немаа забелешка. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредната седницаЕдногласно со 8 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 2. Предлози и прашања***

По оваа точка немаше дискусија. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-88/2
24.01.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.